

## ПО ПОВОД ДВАЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО НА СТОМАТОЛОШКИОТ ОДДЕЛ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

*Во учебната 1959/60 година, на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет е запишана првата генерација од 37 студенти по стоматологија. Иницијативата за формирање на одделот беше условена од големата потреба од лекари стоматолози кои активно ќе се ангажираат во решавањето на оро-фацијалната патологија во СР Македонија и ќе го дадат својот придонес во развивањето и унапредувањето на стоматологијата во СФР Југославија.*

*Стоматолошкиот факултет својата дваесетгодишнина ја прославува со јубилејната триесетгодишнина на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје, вклопен во единствениот напор на Универзитетот во формирањето на високо стручни кадри од сите области на човешкото сознание и прогрес за доброто на македонскиот народ и народностите во Македонија.*

*Сите наставни дисциплини на Медицинскиот факултет во Скопје се вклучија во медицинската надградба на стоматологот и сеопфатно го дадоа својот непроценлив придонес во целокупното формирање на осумте специфични стоматолошки наставни бази.*

*Стоматолошкиот факултет во Скопје оваа јубилејна година ја пречекува со постојан пораст на бројот на дипломирате студенти, чијшто број достигна 544, со постојан пораст на оформените специјалисти, кои ја достигнаа бројката 160.*

*Наставата на Стоматолошкиот факултет трае пет години (десет семестри). Наставните бази, институти и клиники на Медицинскиот факултет, заедно со наставата на физичкиот, хемискиот и биолошкиот факултет изнесува 52%, а другиот дел припаѓа на стоматолошките предмети. Посебно е за одбележување што наставата по стоматолошките предмети се изведува во современи и наменски правени простории, опремени со современа апаратура. Факултетот ги поседува и потребните лаборатории и библиотека. На осумте клиники на Стоматолошкиот факултет денес работат 6 професори, 9 доценти и 35 асистенти.*

*Клиниките на Стоматолошкиот факултет, како основни бази ги изведуваат останатите облици на пост-дипломска настава; задолжителниот лекарски стаж, магистратура хабилитација и изработка на дисертации.*

*Објавените стручни и научни публикации на вработените на Стоматолошкиот факултет во Скопје заслужуваат посебен стручен респект, а нивниот број достигна 490. Овие бројни трудови печатени се во списанието Макенонски медицински преглед, Годишниот зборник на Медицинскиот факултет и стручните списанија во другите републики на СФРЈ, а дел и во странските списанија. Во последните три години во списанието Македонски стоматолошки преглед, со излезените 12 броја на 790 страници, со 90% се застапени трудови од Стоматолошкиот факултет.*

*Посветувајќи го овој број на Македонски стоматолошки преглед на 20-годишнината на Стоматолошкиот факултет во Скопје, ги одбележуваме досегашните резултати, а ќе настојуваме со уште поголем елан да ги продолжиме нашите напори со усовршување и напредување на наставната и стоматолошко-здравствената дејност.*

Проф. д-р Иван Тавчиовски,
декан на Стоматолошкиот
факултет — Скопје